совет за етика
Бул. „Партизански Одреди бр. 4 Скопје Македонија 1000
e-mail: info@semm.mk, http://www.semm.mk

Датум: 18.12.2014

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби, при Советот за етика во Медиумите во Македонија**

**по претставката од Борјан Јовановски за изданието на ТВ дневникот на Канал 5 од 14(19?).11.2014 година**

## Претставката е прифатена

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 13 и 16

Член10.

*„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

*Член 13.*

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.“*

Член 16.

*Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.*

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија констатираше дека во изданието на ТВ дневникот на Канал 5 од 19.11.2014 година станува збор за нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија. Конкретно, дека треба да се води

сметка дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн. Исто така не е јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат со факти. Не е водено сметка дека во својата работа новинарите треба да настојуваат да одржат баланс помеѓу чесна конкурентност и професионална солидарност. Односно дека ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите. Новинарот е особено должен да ги брани колегите кои страдаат поради своите професионални активности.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

*До Комисијата за жалби* се обрати господин Борјан Јовановски, како една од личностите кои што се споменуваат во изданието на ТВ дневникот на Канал 5 од 19.11.2014 година. Според него, „Станува збор за прилог во кој на крајно непрофесионален и неетички начин се доведува во прашање мојот професионален интегритет, исто како и интегритетот на други наши колеги“

*Комисијата за жалби* побара одговор на преставката од главниот уредник на Канал 5, Лидија Богатинова. Во својот одговор понуди неколку Твитер постови од Борјан Јовановски и еден линк, кој нема никаква врска со подносителот на преставката.

*Комисијата за жалби* ги имаше предвид искажаното во претставката и одговорот на неа. Таа констатираше дека се работи за тв прилог со неопределен жанр, коментар или нешто друго. Дека има многу цитати за кои не се знае кога се искажани. Па, дека не се прави разлика меѓу државата и власта. Во ТВ прилогот се манипулира со изјавите. Се заборава дека мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката. Со оглед на тоа што во прилогот се појавуваат цитати – изјави и од некои новинари, меѓу кои и Јовановски, комисијата сметаше дека со прилогот се врши своевидна пресметка со свои колеги преку сопствените медиуми.

Што се однесува до постовите на Твитер членовите на комисијата сметаа дека тие не се релевантни за извлекување некакви ставови и заклучоци, а поврзани со претставката. Линкот кој што беше посочен во одговорот на претставката водеше кон текст од друг автор, па тој не можеше да биде земен предвив во расправата.

*Комисијата за жалби* во случајов го разгледа само тв прилогот, како и претставката и одговорот на неа и донесе одлука дека во прилогот има кршење на членовите 10, 13 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

совет за етика
Бул. „Партизански Одреди бр. 4 Скопје Македонија 1000
e-mail: info@semm.mk, http://www.semm.mk

*Комисијата за жалби* сака да потсети на дел од принципи на однесување на новинарите од Декларацијата на Меѓународната федерација на новинаритеIFJ Декларација:

*Почитувањето на вистината и правото на јавноста за вистина е првата задача на новинарот.*

*Во согласност со оваа обврска, новинарот во секое време треба да ги брани принципите на слободата со чесно собирање и објавување на вести, и правото на фер коментар и критика.*

*Новинарот ќе известува само во согласност со фактите на кои тој / таа им го знае потеклото. Новинарот не смее да потисне (скрие) важни информации или да фалсификува документи.*

*Новинарот ќе користи само фер методи за да добие вести, фотографии и документи.*

*Новинарот ќе стори сé за да се исправи секоја објавена информација за која е утврдено дека е крајно неточна.*

*Новинарот ќе ја почитува професионалната тајна во однос на изворот на информацијата добиена во доверба.*

*Новинарот треба да биде свесен за опасноста од дискриминација поткрепена од страна на медиумите и ќе стори сé за да се избегне олеснување на таква дискриминација заснована, меѓу другото, врз раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго мислењеи национално или социјално потекло.*

*Новинарот ќе ги смета како сериозни професионални прекршоци следново: Плагијати; злонамерно лажно прикажување; клеветење, навреда, понижување, неосновани обвинувања; Прифаќање на мито во било која форма врз основа на публикација или необјавување.*

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Беким Ајдини, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски, Мери Јордановска и Сефер Тахири.

**Се обврзува Телевизијата Канал 5, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на комисијата.**

Со почит,

Совет за етика на медиумите во Македонија

Претседател,

Мирче Адамчевски